ОБРАЗЕЦ бр. 5

Место за штембил на втора договорна страна-корисник

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
Бр. 03-7596/2
28-04 2014 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Арх. бр. 03-1285/1
14.04. 2014 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ ШАЛТЕР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

склучен во Скопје на ден ___ 20______ година помеѓу:

**1.АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**, со седиште во Скопје на ул.„Трифун Хаџи Јанев“ бр.4, застапувана од директорот Славче Трпески (во понатамошниот текст: Давател на услугите) од една страна, и

**2. Општина** Илинден, со седиште во н. Илинден на ул. 9 бр. 66, сметка 730014110663714, депонент НБРМ застапувана од Градоначалникот Жика Стојановски ( во понатамошниот текст: Корисник ) од друга страна.

**Член 1**

Предмет на овој договор е уредување на начинот и постапката за пристап на Корисникот на услугите до електронскиот шалтер на Давателот на услугите (во понатамошниот текст: Е-ШАЛТЕР), за доставување на пријавите за промена во Геодетско-катастарскиот информационен систем (во понатамошниот текст „ГКИС“), барањата за издавање податоци од ГКИС, како и уредување на правата и обврските на договорните страни.

Договорот се склучува согласно со Уредбата на Владата на РМ за воспоставување и начин на користење на информацискиот систем за обработка на податоци во електронски облик и електронски потпис при поднесување барања и пријави до Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 2**

Доставувањето на пријавите за промена во ГКИС, односно барањата за издавање податоци од ГКИС од член 1 на овој договор (во понатамошниот текст: пријави/барања) му е овозможена на корисникот на услугите преку директен пристап до Е-ШАЛТЕР.

Пријавите/барањата и прилозите кон истите, потврдата за прием, потврдата за запишување, односно за одбивање на пријавата, како и издавањето на податоци од ГКИС се доставуваат, односно се примаат во електронска форма потпишани со валиден дигитален сертификат издаден од овластен издавач (во понатамошниот текст: дигитален потпис).

Со цел да се овозможи услугата, Давателот на услугите се обврзува да ги обезбеди потребните упатства за користење на Е-ШАЛТЕРОТ за потребите на